РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Средно општинско училиште Гимназија
„Славчо Стојменски" Ц.О.
Бр. 05-355/15
27.09 2021 год.
ШТИП

Друштво за промет и услуги
ТРИМАКС ДОО
Бр. 03/214
01.10 2021 год.
СКОПЈЕ

**ДОГОВОР**
**За набавка на стока**

**ДОГОВОРЕНИ СТРАНИ**

1. **СОУ Славчо Стојменски - Штип,** ул. „Васил Главинов" бр. 4 Штип, ЕДБ 4029965111282, ЕМБ 4051246, жиро сметка 774010696390312, претставувана од Директор Тамер Јамаковски, како договорен орган и
2. **Тримакс ДОО-Скопје**, со седиште наУл. Бул. Кузман Јосифовски Питу 15/6, со ЕМБС 5381991, со ЕДБ МК403000378357 застапувано од управителот Розета Јанковска, (во понатамошниот текст „Носител на набавката") од друга страна.

**I.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој Договор е јавна набавка на **Набавка на наставно образовни помагала за потребите на СОУ Славчо Стојменски Штип** за потребите на Договорниот орган, според техничката спецификација и прифатената понуда со спроведување на Поедноставена Отворена постапка со објавување на оглас кој се спроведува преку ЕСЈН и завршува со е-аукција бр. 15567/2021 , кои се составен дел на овој Договор

**II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 2**

Вкупната вредност на јавната набавка предмет на Договорот за ДЕЛ 2, опишан во член 1 од овој Договор,
изнесува **199,931.70 денари, без ДДВ**.
Со букви:сто девеесет и девет илјади девтстотини триесет и еден денар и седумдесет дени или вкупната вредност на овој Договор **со ДДВ изнесува 229.359,98 денари**
Со букви:двеста дваесет и девет илјади триста пеесет и девет денари девеесет и осум дени .

Во вкупната цена на јавната набавка е засметана вредноста на царината и данокот на додадена вредност како и сите останати давачки.
Набавувачот го задржува правото да не ја исполни набавката во целост.

**Разлика во цена (корекција на цена)**
Не се предвидуваат корекции на цените, односно цените искажани во понудата на најповолен понудувач ќе бидат фиксни за целотовреметраење на договорот за јавна набавка .

**IV.ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА СТОКИТЕ**

**Член 4**

Носителот на набавката е должен предметот на договорот, односно испораката на стоката, да ја реализира еднократно по поднесен писмен налог за порачка од страна на Договорниот орган. Носителот на набавката е должен предметот на набавката да ја испорача во СОУ Славчо Стојменски-Штип, во период од 5 дена од денот на приемот на писмената порачка од страна на Договорниот орган. Во случај на ненавремена, неквалитетна и несоодветна испорака на стоките, Договорниот орган има право со претходно доставено писмено известување до Економскиот оператор да го раскине договорот со проста изјава за раскинување на договор и да скучи договор со наредно рангираниот економски оператор.

**V.ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 5**

Во случај на доцнење со испораката на предметот на набавката на овој Договор од страна на Економскиот оператор, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорена казна – пенали, но не повеќе од 5% од вредноста на неиспорачаната стока .

**VI.ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА**

**Член 6**

При изготвување на фактурата, Економскиот оператор е должен да ги наведе следните елементи:
- Назив на Договорниот орган, место седиште даночен број
- Број и датум на договорот
- Количини со опис на стоката, дефинирани по елементи како во член 1 и член 2 од договорот
- Единечни договорени цени на секој од елементите
- Вкупни цени по елементи
- Пресметка за ДДВ
- Валута на плаќање.

**VII.НАЧИНИ, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАКАЊЕ**

**Член 7**

Начинот на плаќање е **Вирмански** .Договорниот орган плаќањето на економскиот оператор ќе го врши до **60 календарски дена** од денот на доставување на ф-ра за испорачаната стока.Составен дел на фактурата е уредно заверена испратница потпишана од двете страни(лице од страна на договорниот орган и лице од страна на економскиот оператор.

**VIII.ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ**

**Член 8**

Материјален недостаток постои

-ако стоката ги нема потребните својства за негова редовна употреба или за промет;

-ако стоката ги нема потребните својства за особената употреба за која набавува набавувачот, а која му била позната на добавувачот или морала да му биде позната;

-ако стоката ги нема својствата и одликите што се изречно договорени односно пропишани, и

-кога добавувачот предал стока која не е соодветна на техничките спецификации прифатени од негова страна.

**Член 9**

Договорниот орган е должен примениот предмет на набавка на вообичаен начин да ја прегледа или да ја даде на преглед, штом тоа според редовниот тек на работите е можно и за видливите неодостатоци да го извести Економскиот операторво рок од осум дена од приемот на предметот на набавка.

Кога прегледот е извршен во присуство на двете страни, Договорниот орган е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на Економскиот оператор веднаш или во рок кој нема да биде подолг од 3 дена од приемот на предметот на набавка.

**Член 10**

Во известувањето за недостатокот на стоката Договорниот орган е должен поблиску да го опише недостатокот и да го повика Економскиот оператор да ја прегледа стоката.
Ако известувањето за недостатокот кое Договорниот орган навремено го испратил до Економскиот оператор со препорачано писмо, телеграма, или на некој друг сигурен начин, задоцни или воопшто не стигне до Економскиот оператор, се смета дека Договрниот орган ја извршил својата обврска да го извести Економскиот оператор.
Доколку се потврди материјалниот недостаток на предметот на набавката Договорниот орган има право:

- Бара замена за производот со неупотребуван ист таков производ или;
- Раскинување на Договорот, враќање на платениот износ и надомест за претрпена штета;

**Член 11**

Економскиот оператор не одговара за недостатоците од чл.9 на овој Договор, ако во моментот на склучувањето на договорот му биле познати на Договрниот орган или не можеле да му останат непознати.
Се смета дека на Договрниот орган не можеле да му останат непознати оние недостатоци што грижливо лице со просечно знаење и искуство на лице со исто занимање и струка како Договрниот орган би можел лесно да ги забележи при вообичаениот преглед на предметот.

**Член 12**

Договрниот орган и Економскиот оператор се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој договор кои се предизвикани од виша сила.
Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Законот за облигациони односи.
Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

**IX.РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

**Член 13**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни се согласни да ги решаваат спогодбено, а доколку во тоа не успеат надлежен за нивно решавање да биде Основен суд Штип.

**X.РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 14**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата

**Член 15**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, а особено доколку не го почитува договорениот рок на испорака, другата договорна страна, мора да му остави примерен дополнителен рок од три дена за исполнување на обврската.
Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок од три дена, другата договорна страна, може да го раскине договорот, без отказен рок.

**Член 16**

Една од договорните страни може да го раскине договорот и без да и остави на другата договорна страна, дополнителен рок за исполнување ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок, при што има право на надомест на штетата.

**Член 17**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна во писмена форма, без одлагање.
Договорот ќе се смета за раскинат со самото доставување на отказот.

**Член 18**

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

**Член 19**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

## XI.КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

**Член 20**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој договор.

## XII.ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 21**

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи, Законот за јавни набавки и позитивните прописи во Република Македонија.

## XIII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 22**

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.
Договорот може да се менува со Анекс-Договор само во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки.

**Член 23**

**Договорот се склучува за период од 1 година , сметајќи од денот на заверката од страна на Договорниот орган.**

**Член 24**

Овој договор е склучен  во 4 (четири) истоветни  примероци од кои 2 (два) за набавувачот и 2 (два) за добавувачот

| Договорен орган | Економски оператор |
| --- | --- |
| СОУ Славчо Стојменски-Штип | Тримакс ДОО-Скопје |
| Директор | Директор |
| Тамер Јамаковски | Розета Јанковска |
| ______________________ | ______________________ |